# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров Излегува по потреба | 30 Декември 2016 година Скопје Бр.14 Год. XI |
|---|---|

www.opstinagpetrov.gov.mk kontakt@opstinagpetrov.gov.mk

Издавач: Општина Ѓорче Петров
ул.Ѓорче Петров бр.73
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи и
работа со Советот
тел. 02/2039-307 ; 02/2039-308
фах. 02/2033-309


*Содржина:*


1. Одлука за давање приоритет за реализација на проектот “Реконструкција на локален пат од с.Кучково-с.Грачане-месност Чашка”за аплицирање за неповратни средства (грант) од ЕУ-ИПА грантот за рурална инфраструктура.............................................................................стр.2


Декември 2016 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на давање приоритет за реализација на проектот “Реконструкција на локален пат од с.Кучково - с.Грачане - месност Чашка“ за аплицирање за неповратни средства (грант) од ЕУ-ИПА грантот за рурална инфраструктура**

Се објавува Одлуката за давање приоритет за реализација на проектот “Реконструкција на локален пат од с.Кучково - с.Грачане - месност Чашка“ за аплицирање за неповратни средства (грант) од ЕУ-ИПА грантот за рурална инфраструктура, што Советот на Општина Ѓорче Петров го донесе на Педесет и деветата седница на Советот, одржана на ден 30.12.2016 година.

**Број 09-3922/1**
**од 30.12.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на Р.М.“ бр.5/2002), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст („Сл.Гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 18/13) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Советот на Општина Ѓорче Петров на 59-тата седница одржана на ден 30.12.2016 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за давање приоритет за реализација на проектот**
**“ Реконструкција на локален пат од с.Кучково-с.Грачане-месност Чашка”**
**за аплицирање за неповратни средства (грант) од ЕУ-ИПА грантот**
**за рурална инфраструктура**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава приоритет за реализација на проектот **“**Реконструкција на локален пат од с.Кучково-с.Грачане-месност Чашка”, за аплицирање за неповратни средства (грант) од ЕУ-ИПА грантот за рурална инфраструктура од страна на единиците на локална самоуправа во Р.Македонија, по **Јавен повик бр. 01/2015** објавен **од** Министерството за финансии на Р.Македонија.

**Член 2**

Аплицирањето за добивање на неповратни средства, односно доделување финансиска поддршка на единиците на локалната самоуправа наменета за подобрување на нивото на општински услуги, е со цел да се реализира проектот **“**Реконструкција на локален пат од с.Кучково-с.Грачане-месност Чашка”.

**Член 3**

Се одобрува, Општина Ѓорче Петров да аплицира на јавниот повик за добивање на неповратни средства во износ од 120.000,00ЕУР (7.380.,000,00 мкд без вклучени 18%ДДВ) со цел да се реализира проектот.

**Член 4**

Со средствата добиени од ЕУ-ИПА грантот за рурална инфраструктура (120,000ЕУР), ќе се реконструира локалниот пат од с.Кучково-с.Грачане-месност Чашка во должина од 2.130 м.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров “.

**Број 08-3889/3**
**Од 30.12.2016 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател**
**Гоце Петрески с.р.**